**Во пресрет на денот на белиот стап - дали сме хумано општество само на хартија**

На некои дестинации каде што одам почесто, се движам и сам, на некои дестинации барам помош. Тоа зависи од своите потреби што ги имам и зависи од тоа колку сум вложил од себе да ги совладам тие рути.

Кристијан Лазарев е студент на трета година на Филолошкиот факултет во Скопје.

Во слободно време се посветува на музиката и спортот.

Откако ќе ги заврши дневните активности ,Кристијан секој ден оди во просториите на Здружението на слепи лица

Со помош на белиот стап, Кристијан нема проблем во движење низ најфреквентните места низ градот

- Ги слушаме движењата на колите. Знаеме кога едните коли ќе ги пуштат кога е зелено  кога е црвено за пешаците. Не е тоа нешто што не може да се навикне. Поголем проблем во движењето ни создаваат, не знам некој работи што ги прават како, нели има островца што само се нацртани, а не се обележени, па не може човек да знае каде се наоѓа, дали стои на улицата или не. Некои такви работи се попроблематични.

Кико со помош на стапот без проблем пристигнува во Здружението на слепи.

- Овде одржуваме проби, редовно,  понекогаш тие се однесуваат на некој настани понекогаш тие се рутински проби, зошто ова здружение си функционира, т.е. друштвото си функционира во склоп на здружението за слепи редовно 12 месеци, со исклучок на нели летни одмори или така кога правиме паузи. Инаку во моментов се спремаме за концерт по повод  Денот на белиот стап, затоа ете вака сме собрани малку и малку вежбаме

Шпатим Латифи кој неколку години работи на проектот за деца со потешкотии со видот вели дека образованието и раното и раното откривање на проблемите се од многу голема важност

- Имаме дваесет офталмолози ангажирани во проектот и се прават посети на сите градинки во Македонија, каде сите деца на возраст од 3-6 години се прегледуваат од офталмолог со најмодерни апарати кои досега ги немало во Македонија.

- Со овој проект ги имаме купено,  се прави скен кај очите на сите деца, со тоа што од 2014 год кога започнал проектот е направена контрола на 13.900 деца и до 2020 година ќе се направи контрола на околу 30.000 деца

Во рамките на проектот во Штип се организираше еден хепенинг каде многу деца ,вклучувајќи ги и тие со пречки со видот, се споија за да се забавуваат преку разни традиционални игри.

Се покажа дека во одредени игри во одредени сегменти тие се исти. Тука нема разлика.

- И тоа е за нас и самиот проект огромен напредок. Преку тие традиционални игри, потоа го учиме пливањето, каде што сакаме да го задржиме и здравствениот ако сакате аспект на сите.

Баира Салифовска студент на трета година на Факултетот за едукација и рехабилитација при Институтот за дефектологија, чија најголема желба уште од мала била да научи да плива.

- На почетокот навистина беше напорно, затоа што знаете како, ние лицата со посебни потреби прво треба да стекнеме доверба кон човекот што со нас работи а потоа се оди како што треба. Значи јас  среќа имав  добри инструктори добар ментор.

Дел од овие лица приметивме дека се атлети, само им треба правилен развој ,правилно да им ја најдеме патеката по која тие би требало да се движат

Патеките каде треба да се движат лицата со пречки во видот се изградени пред неколку години, на почетокот беа од пластичен материјал, но поради лошиот квалитет Министерството за труд и социјална политика ги замени со бетонски.

Од оваа институција велат дека воспоставувањето на овие патеки има за цел да ја зголеми свеста на општините. Дека целта е делумно постигната, докажува и фактот што вакви патеки има само  на неколку локации.

Дури дел од граѓаните немаат информации за што служат овие патеки.

Дали знаете зошто служат овие патекиве тука доле?

- Поима немам.
- За пешачки премин
- Па за точкови
- За овие што се лица со  оштетен вид
- Тие се за слепи луѓе со стапчето кога идат да имаат ориентација

Единственото светло во очите на Кристијан и Беира се средените патеки и посебните простории за нивно слободно движење, но и на други слепи лица.

Секој во животот се бори да го исполни сонот

Кристијан и Беира се најдобриот пример за властите и општеството дека ако имаш волја и доволно храброст, сончевите зраци топлат сечии очи.

- Добро е што ете почнаа да се интересираат медиумите за нас. Ви благодарам вие сте едни меѓу првите, а луѓето се одлични барем во Македонија, барем јас досега не сум имал никакви проблеми.

Многу се хумани, многу сакаат да помогнат. Не доволно се едуцирани, тоа за жал се недостатоци на системот ,можеби и на образованието.

- Знам дека е тешко, не само за лицата со попреченост, за било кој е тешко да живееш во Македонија воопшто, ама од една страна па треба да бидеш и позитивен да си оптимист, па и на крај краева не е крај на светот ако имаш некоја попреченост. Значи треба да се трудиш, треба да си стекнеш пријатели за да можеш и понатаму да успееш.